***ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ***
***ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА / СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА***
***ЗА КАНДИДАТИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИТЕ***

За докажување на исполнетост на условите за одобрување на специјализација / суспецијализација, кандидатот треба да ги достави следните докуметни **во оргинал или фотокопија заверена на нотар:**

## I. ПОТРЕБНИ ДОКУМНЕТИ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАНТИ

*1. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАНТИ:*

- Уверение со оценки за завршен факултет;
- Диплома за завршен факултет (или потврда дека издавањето е во тек);
- Уверение за положен стручен испит;
- Лиценца за работа издадена од Стоматолошка комора (или потврда дека издавањето е во тек);
- Уверение за државјанство;
- Упатница за кандидатот со која се упатува на специјализација од приватната здравствена установа или друго правно лице (за вработени);
- М1/М2 образец (за вработени);
- Потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија дека кандидатот не е вработен (за невработени);
- Пријава за одобрување на специјализација со административна такса во износ од 50 денари (образец 1). Пријавата и уплатната сметка може да ги најдете на web страната на Стоматолошкиот факултет - Скопје - www.stomfak.ukim.edu.mk

2. *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за кандидати кои завршиле студии или приправнички стаж во* странство:

Освен документите од точка 1, кандидатите кои завршиле студии или приправнички стаж во странство потребно е да ги достават и следните документи:

- Решение за признавање на стекната високообразовна квалификација во странство (нострификација на диплома) издадено од Министерството за образование и наука на РСМ и превод на дипломата и уверението;
- Документ за еквиваленција на оценки издадена од Министерството за образование и наука на РСМ со одреден просек,
- Решение за признавање приправничкиот стаж и положен стручен испит во странство издадено од Стоматолошка комора на Македонија.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМНЕТИ ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАНТИ

1. *ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАНТИ:*

- Уверение со оценки за завршен факултет;
- Диплома за завршен факултет;
- Уверение за положен стручен испит;
- Уверение за положен специјалистички испит;
- Лиценца за работа за положен специјалистички испит издадена од Стоматолошка комора;
- Уверение за државјанство;
- Упатница за кандидатот со која се упатува на суспецијализација од приватната здравствена установа (за вработени);
- М1/М2 образец (за вработени);
- Потврда од Агенција за вработување дека кандидатот не е вработен (за невработени);
- Пријава за одобрување на суспецијализација со административна такса во износ од 50 денари

(образец 2). Пријавата и уплатната сметка може да го најдете на web страната на Стоматолошкиот факултет - Скопје - www.stomfak.ukim.edu.mk

2. *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за кандидати кои завршиле студии или приправнички стаж во* странство:

Освен документите од точка 1, кандидатите кои завршиле студии или приправнички стаж во странство потребно е да ги достават и следните документи:

- Решение за признавање на стекната високообразовна квалификација во странство (нострификација на диплома) издадено од Министерството за образование и наука на РСМ, и превод на дипломата и уверението;
- Документ за еквиваленција на оценки издадена од Министерството за образование и наука на РСМ со одреден просек;
- Решение за признавање приправничкиот стаж и положен стручен испит во странство издадено од Стоматолошка комора на Македонија, заверено на нотар;
- Решение за признавање на специјализација завршена во странство од Министерствотоза здравство.

**III. ДРУГИ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ** (опциони документи)

За докажување на исполнетост на критериумите за селекција, кандидатот треба да ги достави следните документи :

- За докажување дека кандидатот завршил втор или трет циклус студии: диплома за завршени студии / уверение за завршени студии – во оргинал или фотокопија заверена на нотар;
- За докажување дека кандидатот е запишан на втор или трет циклус на студии: потврда издадена од Факултетот каде е запишан оргинал и копија од индекс заверена на нотар од првите две страни
- за докажување на познавање еден странски јазик кандидатот треба да достави: сертификат од Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески”- Скопје не постар од 1 година од денот на издавањето **или** меѓународно признат сертификат: EFC, Advanced - C1, Proficiency – C2 ( издадени од British Council) со доживотна важност; IELTS (издаден од British Council); TOEFL; Goethe Institut, сите со важност од 2 години;
- За докажување на работен стаж – потврда /преглед со пријави/одјави за работен стаж со наведен временски период над две години во јавна или приватна стоматолошка здравствена установа – ординација на работно место доктор издадена од Агенција за вработување на Република Северна Македонија заклучно со денот на издавање во оргинал или фотокопија заверена на нотар.

**Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје**
**Стоматолошки факултет – Скопје**